Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто триесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 2 март 2023 година**

**Скопје, март 2023 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто триесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 2 март 2023 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 17:05 часот.

Со седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Фатмир Меџити, министер за здравство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација, како и м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и Зоран Маневски, заменик на министерот за економија и м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика.

Од седницата не учествуваа д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата м-р Кренар Лога, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија и м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика.

*

*  *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Предлог-одлука за определување обврска на трговците да прибавуваат и продаваат определени видови и количества на одделни стоки на потрошувачите според определен редослед

2. Кадровски прашања

3. Прашања и предлози

*

*          *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за определување обврска на трговците да прибавуваат и продаваат определени видови и количества на одделни стоки на потрошувачите според определен редослед и ја донесе Одлуката, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на истата со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 2**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 3**

По оваа точка немаше прашања ниту предлози.

*

*          *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 17:10 часот.

**Заменик на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**Tahir Hani**

**Прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**dr. Artan Grubi**